РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
GJYKATA ADMINISTRATIVE
SHKUP

**Су-07.бр.42/23**
**26.12.2023 година**
**С к о п ј е**

Судскиот администратор на Управен суд Ивана Смугреска, согласно член 36 став 1 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ“ бр.43/2014 … 235/2022), по спроведената постапката по објавениот Јавен Оглас бр.3/2023 од 20.11.2023 година за вработување на судски службеници на неопределено време, како и Предлогот на Комисијата за избор на судски службеници за работното место – „Судски соработник“ Категорија В, Ниво В3, заведен под Су-04.бр.0401-368/23-4-1 од 25.12.2023 година, на 26.12.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За работното место – „Судски соработник“ Категорија В, Ниво В3 – 2 (два) извршители, се избираат кандидатите:

- **Мартина Грнчаревска**
- **Локман Исени**

Решение за вработување со избраните кандидати ќе се донесат по конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот суд на Република Северна Македонија, во дневните весници „Слободен печат“ и „Koha“, објави Јавен оглас бр.3/2023, за вработување на 5 (пет) судски службеници на неопределено време и тоа:

1. Советник за јавни набавки – Категорија В, Ниво В1 – 1 (еден) извршител
2. Советник – информатичар – Категорија В, Ниво В1 – 1 (еден) извршител
3. Судски соработник – Категорија В, Ниво В3 – 2 (два) извршители
4. Помлад судски соработник – Категорија В, Ниво В4 – 1 (еден) извршител

По спроведената постапка за селекција за вработување, за работното место – „Судски соработник“ – Категорија В, Ниво В3 – 2 (два) извршители, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од катергоријата на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Службен весник на РМ“ бр.236/2018), Комисијата за избор на судски службеници за

вработување, за наведеното работно место, до Судскиот администратор достави Предлог на кандидати за вработување за работното место „Судски соработник“ Категорија В, Ниво В3, заведен под Су-04.бр.0401-368/23-4-1 од 25.12.2023 година, со кој предлог за наведеното работно место се предлагаат кандидатите:

- Мартина Грнчаревска
- Локман Исени

Согласно со член 36 став 1 од Законот за судска служба, судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од пет дена по добивањето на предлогот на кандидати за вработување, е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја предвид цитираната законска одредба, како и Предлогот на кандидати за вработување за работното место „судски соработник“, заведен под Су-04.бр.0401-368/23-4-1 од 25.12.2023 година, Судскиот администратор одлучи како во изреката од оваа одлука.

**ДН: - Мартина Грнчаревска**
- **Локман Исени**
- **Евиденција СУ**
- **Интернет страна на Судот**
- **Огласна табла на Судот**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од денот на доставувањето на одлуката, преку овој суд до Советот на судска служба.

**СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР**
**Ивана Смугреска с.р.**